РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-329/2
09-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 54-тата седница одржана на 02.11.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-329/1 од 21.01.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во пријавата нема јасни наводи за незаконити или недозволиви дејствија на службено лице при вршењето на јавните овластувања и службената должност и нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во истата.

Предметот со број 12-329/1 од 21.01.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 21.01.2021 година, доставена е пријава во која се изразува сомнеж за незаконско присвојување и продажба на градежно земјиште во -------- за што е оформен е предмет број 12-329/1 од 21.01.2021 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека во --------- постои сомнеж за можен криминал за незаконито присвојување на атрактивно градежно земјиште. Понатаму се наведуваат лицата --------, -----------, ------------- и -------- без да се наведе точна причина како овие лица се вклучени во споменатите незаконити дејствија, како и тоа дали наведените лица се службени лица во смисла на член 8 став 2 од ЗСКСИ.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека поради анонимност на пријавителот нема можност да се обезбедат дополнителни информации и податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М
Одобрил: К.Н

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**